ДИРЕКЦИЈА ЗА КУЛТУРА И УМЕТНОСТ – СКОПЈЕ
DIRECTORATE OF CULTURE AND ARTS - SKOPJE

# Есенски Музички Свечености

**2020 НОЕМВРИ** ***Autumnal Musical Festivities***

# Музика за 30 прсти

*концерт на*

*Сара Тројковска, Марија Вршкова*

*и Елена Атанасовска – Ивановска*



**16 ноември (понеделник), 19:00 часот**

**Фоаје на Национална опера и балет**

Република Северна Македонија
Министерство за култура

Град Скопје

Република Северна Македонија
Национална опера и балет

PIANO CENTRE

## ПРОГРАМА:

**К. ЧЕРНИ**

- Фантазија на тема арии од опери на Доницети

***Ж. КРАС**

**Ames d'enfants:**

- Pures
- Naives
- Mysterieuses

**М. ДЕ ФАЉА**

- Шпански танци

**С. РАХМАНИНОВ**

- 2 Пиеси за 6 раце

***Т. БАЈНОВ**

- Metrorhythmia 1

*Прва изведба во Македонија



**САРА ПРОЈКОВСКА** (1977) основната музичка наобразба ја започнува во ДМБУЦ „Илија Николовски – Луј" во класата на проф. Д. Апостолов и проф. Катерина Гелебешева, додека средното образование и студиите ги продолжува во класата на проф. Б. Романов.

За време на своето школување учествува на многу домашни и меѓународни натпревари, каде што забележува бројни успеси и како солист и како камерен изведувач.

Во 2000г., Ректоратот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" свечено и ја доделува наградата „26 Јули – Франк Манинг" за најдобар студент на генерација.

Во 2001/2002г. Запишува постдипломски студии на отсекот по корепетиција при ФМУ, под менторство на проф. Ј. Чакар, во чија класа и магистрира.

Има реализирано трајни тонски и видео записи за МРТВ, а не помалку се бројни и настапите во склоп на ликовни колонии, поетски вечери, јубилејни и хуманитарни концерти, како и промоции на нови изданија.

Активно учествува во проекти на МОБ, Македонска филхармонија, МНТ, театар „Комедија", како надворешен соработник.

Од 2004 г. Е во редовен работен однос како уметнички соработник на ФМУ, а од 2016г. Работи како доцент на катедрата за клавишни инструменти и харфа, по предметот корепетиција практика.



**МАРИЈА ВРШКОВА** е родена во Битола каде го завршува основото и средноотомузичко образование. Дипломирала на Факултетот за музичка уметност-Скопје со највисоката оцена на ниво на универзитетот "CUMLAUDA" во класата на проф. Т.Светиев каде ги завршува и магистерските студии по пијано. Во текот на образованието добитник е наповеќе награди во рамките на поранешна Југославија, а најзначајна меѓународна награ-дата е Трета наградана Меѓународниот нат-превар за млади пијанисти во Рим-Италија. Учествувала на бројни семинар и по пијано и камерна музика, а неколку пати е единствен претставник на Македонија во Светскиот младински оркестар каде соработува со врвни диригенти и солисти. Вршкова има посебен афинитет кон современата музика, совладувајќи ги најновите пијанистички техники.

Реализирала преку 50 светски премиерни изведби на солистички и камерни дела, не само од македонски, туку и од странски автори. Покрај неколку тесни меницд-а со истакнатите Македонски умерници, Ана и Олег Кондратенко, Блерим Груби, Страшо Темков, во 2010-та година, таа го снима и своето прво солистичко цд Македонска музика за пијано. Како солисти и камерен музичар настапувала воТурција, Хрватска, Холандија, Германија, Полска, Велика Британија, Украина, Италија, Бугарија, Русија, Америка, Бугарија, Србија, Австрија, Англија, Грција... Вршкова е дел од уметниците ко иредовно настапуваат на реномираните фестивали во Македонија како, Охридско Лето, ДММ, Златна лира, Есенски музички свечености...

Како врвна уметничката дејност е наградата за специјално уметничко достигнување, добиена од страна на интернационалното жири, на интернационалниот натпревар Охридски бисер, 2009-та година, како и трите награди Виртуози, за музички изведувач, 2013-та година, Камерен состав 2015-та година и Камерен состав 2016-та година.

Марија Вршкова во моментот работи како доцент при ФМУ Скопје.



Пијанистката **ЕЛЕНА АТАНАСОВСКА - ИВАНОВСКА** е една од најуспешните и најафирмирани македонски уметници, издвојувајќи се со нејзиниот префинет звук и елегантен израз, но и нејзината огромна продуктивност, евидентна по големиот број на настапи во Македонија и надвор од неа. Елена настапувала како солист и камерен музичар во Грција, Република Србија, Бугарија, Русија, Америка, Шпанија, Италија, Португалија, Франција, Босна и Херцеговина, Косово, остварувајќи бројни концерти во рамките на домашните реномирани фестивали „Охридско лето", „Скопско Лето", „Есенски музички свечености", „Денови на Македонска музика", „Битолско лето", „Гевгелиска есен", но и фестивали надвор од земјава, како, „Сараевска Зима" – Босна и Херцеговина, „Festival de Musica do palacio da Bolsa" – Португалија, „Festival de Musica de Sant Pere de Rodes" – Шпанија, „Guarnerius, Centar lepih umetnosti Jovana Kolundzije", „Carniarmonie" итн. Како камерен музичар Елена редовно настапува со македонските уметници како: пијанистката Марија Ѓошевска, обоистката Гордана Јосифова – Неделковска, баритонот Горан Начевски, кларинетистот Ристо Ѓоревски, но истовремено забележителни се нејзините настапи со реномирани странски уметници: кларинетистот Сергеј Петров (прв кларинетист во Болшој театар), кларинетистот Јан Јакуб Бокун (професор на музичката академија во Вроцлав, Полска), сопранот Тери Роудс (САД), сопранот Зана Абази (Косово) и други. Таа исто така бележи и настапи како солист со Македонската филхармонија и Камерниот оркестар на Музичка младина на Македонија. Елена исто така активно остварува аудио записи. Покрај компакт дисковите реализирани во соработка со пијанистката Марија Ѓошевска и кларинетистот Ристо Ѓоревски во Република Македонија, таа непрекинато снима како соработник на оркестарот за филмска музика F.A.M.E.S, а има издадено и компакт диск со музика од шведската кралска династија Бернадот за полската продукциска куќа DUX. Елена започнува да учи пијано во класата на Лепа Мрмевска, а дипломира со највисока оцена CUM LAUDE на Факултетот за музичка уметност во Скопје во класата на еминентниот пијанист и педагог, Борис Романов, во чија класа ги завршува и постдипломските и докторските студии. Со докторскиот труд „Застапеноста на Биофидбек методата какао начин и средство за подобрување на музичките перформанси кај студентите по пијано во Р.Македонија" се стекна со степенот Доктор на науки. Во текот на музичкото образование, таа се здобива со повеќе први награди на државните натпревари, како и многубројни награди на меѓународни натпревари во Италија, Бугарија, Србија. Таа исто така учествува на пијано семинари и мајсторски курсеви кај: Б. Романов, А. Валдма, Ј. Михаиловиќ, М. Молова, Н. Макарова, Љ. Рошчина, С. Доренски, А. Бондурјански... Елена Атанасовска – Ивановска е доцент по корепетиција практика и музички соработник на Факултетот за Музичка Уметност во Скопје.